Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

RURAL
REVIVAL

ПРОЕКТ:
**Зголемување на конкурентноста на регионалниот туризам преку поддршка на развојот на руралниот и културниот туризам во прекуграничниот регион на Бугарија и Македонија**

## РУРАЛНА ПРЕРОДБА

МАРШУТА

## ДЕДИНО - МАНТОВО - ВЛАШКИ КОЛИБИ - КОНЧЕ

Оваа маршута ве води низ селата во радовишкиот регион и можност да уживате во диверзитетот што го нуди. Од села со сочуваната автентична селска архитектура, средновековниот манастир во Конче, па се до вештачкото езеро Мантово.

ЕВРОПСКА УНИЈА

Проектот е кофинансиран од Европската Унија преку ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија - Македонија



## ДЕДИНО

Дедино се наоѓа на територијата на Општина Конче, на сртот на планината Смрдешник, помеѓу Радовишкото Поле и горното сливно подрачје на Крива Лакавица. Дедино е ридско село кое се наоѓа на надморска височина од 689 метри. Селото се наоѓа на планината Смрдешник заобиколено со неколку ридови. Низ селото минува регионалниот пат од Радовиш за општината Конче и го дели селото на два дела: Горно и Долно Маало. Од градот Радовиш е оддалечено 10 километри. Селото Дедино е едно од најстарите села во Радовишко и Лакавичко за што сведочат пишани записи уште од XIV век. За селото се врзуваат неколку историски настани како што е изработувањето на првите бомби. Работилницата за рачни бомби во селото била отворена кон крајот на 1896 година, но била затворена во ноември 1897 година. Во време на национално-ослободителното револуционерно движење во селото Дедино отседнале и престојувале двајцата македонски револуционери, Гоце Делчев и Јане Сандански. Во селото има изградено и црква „Свети Никола“, која се наоѓа во горното маало на северниот раб од селото.



## МАНТОВО

Од Дедино по асфалтен пат, попатно имаме две туристички атракции, кои се предвидуваат со оваа маршута. Првата е вештачкото езеро „Мантово“, кое е изградено во 1978 година на реката Крива Лакавица и зафаќа површина од 4,49 км².



## ВЛАШКИ КОЛИБИ

Втората атракција се Влашките колиби, кои се наоѓаат во близина на вештачкото езеро „Мантово“. Тие се наречени Влашки колиби според местото, бидејќи во тој предел престојувале Власите на нивно поминување низ овој регион на патот од Шар Планина кон Серез.



## КОНЧЕ

Конче е распослано во подножјето на планината Серта, уште наречена и Конечка Планина, близу изворот на реката Крива Лакавица. Се наоѓа на надморска височина од 580 метри, а атарот на селото зафаќа површина од 45 км². Селото е оддалечено на 22 км од Радовиш и заедно со градот Радовиш се единствените две седишта на општини во радовишкиот регион. Во селото како главна туристичка атракција е манастирската црква „Свети Стефан“, која е изградена во 1366 година година од страна на војводата Никола Станоевиќ, кој бил во служба насрпските цареви Душан и Урош. Првиот фрескоживопис бил извршен непосредно по изградбата, односно до 1371 година. Во минатото, црквата била манастир со монаси и го носела името „Света Богородица“, по кое и денес е позната меѓу населението. Ова име се поврзува и со чудесната икона на Света Богородица, која сама се појавувала од гевгелискиот крај во црквата. За иконата на Света Богородица се сметала дека има исцелителна моќ, па покрај христијани во црквата за исцеление доаѓале и муслимани. Во црквата се одржува голем собор, со стотици посетители за верските празници Голема Богородица и Водици.

**Сместувачки капацитети:**

- Не постои сместувачки капацитет во близина на предвидената маршута

**Културен календар:**

- Селска слава во Конче на 9 јануари за празникот „Св. Стефан“,
- Селска слава во Дедино на 19 декември, за празникот „Св.Никола“,
- Собори во црквата „Св.Стефан“ за Голема Богородица и Водици

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

**ПРОЕКТНИ ПАРТНЕРИ**

PROMOIDEA
CENTER FOR DEVELOPMENT AND PROMOTION

**Здружение Центар за развој и промоција „Промо Идеа“ - Струмица**

ул. „Братство единство“ бр. 8-13
2400 Струмица, Република Македонија
Тел: +389 34 612 697
contact@promoidea.org.mk • www.promoidea.org.mk

ASSOCIATION SAVREMIE
www.savremie.org

**Здружение „Савремие“ - Сандански**

ул. „Кирил и Методиј“ бр. 5
2800 Благоевград, Република Бугарија
Тел: +359 876882050
savremie@yahoo.com

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Здружение Центар за развој и промоција „Промо Идеа“ - Струмица и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

RURAL
REVIVAL

PROJECT:

**Raising the competiti veness of regional tourism by supporting the development of rural and cultural tourism in the cross-border area of Bulgaria and Macedonia**

**RURAL REVIVAL**

ROUTE

## DEDINO - MANTOVO - VLACH HUTS - KONCHE

This route takes you in the villages of the Radovish region and gives the opportunity to enjoy in the diversity that offers. Beginning from the villages with preserved authentic rural architecture, the medieval monastery in Konche, to the artificial lake Mantovo.

EUROPEAN UNION
The project is co-funded by EU through the Interreg-IPA
Cross-Border Cooperation Programme Bulgaria - Macedonia Programme



## DEDINO

The village Dedino is located on the territory of Municipality of Konche, on the ridge of the mountain Smrdeshnik, among Radovish field and the upper catchment area of Kriva Lakavica. Dedino is a hilly village located at 689 meters altitude. The village is located on the mountain Smrdeshnik and is surrounded by a few hills. Across the village passes the regional road from Radovish to Municipality of Konche and separates the village in two parts: Gorno I Dolno Maalo. It is 10 km away from the city of Radovish. The village Dedino is one of the oldest villages in Radovish and Lakavica of which testify written evidence from the 14th century. Several historical events are related to the village, such as the making of the first bombs. The work shop for hand bombs in the village was opened at the end of 1895, but was closed in November, 1897. During the time of national-liberation movement in the village Dedino were staying the two Macedonian revolutionaries, Goce Delchev and Jane Sandanski. Thereisachurch “St. Nikola” built in the village, and it is located in the upper neighborhood of the north edge of the village.



## MANTOVO

From Dedino on an asphalt road, we have two stops on the way. The first one is the tourist attraction – artificial lake “Mantovo”, built in 1978 on the river Kriva Lakavica and it takes a surface of 4,49 km².



## VLACH HUTS

The second attraction are the Vlach huts, in the vicinity of the artificial lake “Mantovo”. They are called Vlachie huts because of its place, i.e. because the Vlachs stayed in this region for their passage through here to get on the road from Shar Planina to Serrez.



## KONCHE

The village Konche is scattered around the foot of the mountain Serta, called Konechka, near the stream of the river Kriva Lakavica. It is located at an altitude of 580 meters and takes an area of 45 km². The village is 22 km away from Radovish and together with the city of Radovish are the only two municipal seats in this region. The main tourist attraction in the village is the monastery church “St. Stefan”, built in 1366 by the duke Nikola Stanoevikj, servant of the Serbian tsars Dushan and Urosh. The first fresco painting was performed immediately after the construction (1371). In the past, the church was a monastery with monarchs carrying the name “Saint Virgin of Mary”, and that is how it is known today among the population. This name is connected with the miraculous icon of Saint Virgin of Mary that appeared alone from the side of Gevgelija in the church. It is considered that the icon of Saint Virgin of Mary has a healing power, hence in the church not only came Christians, but Muslims too. Inside the church, a great cathedral is held, with hundreds of visitors for the religious holidays “Golema Bogorodica” and Vodici.

**Accommodation capacities:**

- There is no accommodation capacity nearby the envisaged route

**Culture calendar:**

- Village celebration in Konche is on 9th of January (“St. Stefan”),
- Village celebration in Dedino is on 19th of December (“St. Nikola“),
- Councils in the church "St. Stefan" for Golema Bogorodica and Vodici.

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

**PROJECT PARTNERS**

PROMOIDEA
CENTER FOR DEVELOPMENT AND PROMOTION

**Association Center for development and promotion “Promo Idea” - Strumica**

str. „Bratstvo edinstvo“ no. 8-13
2400 Strumica, Republic of Macedonia
Tel: +389 34 612 697
contact@promoidea.org.mk • www.promoidea.org.mk

ASSOCIATION SAVREMIE
www.savremie.org

**Association “Savremie” - Sandanski**

str. “Cyrill and Methodius” no. 5
2800 Blagoevgrad, Republic of Bulgaria
Tel: +359 876882050
savremie@yahoo.com

This publication has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication is the sole responsibility of Association Center for development and promotion “Promo Idea” - Strumica and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.